Име на институција: Биро за судски вештачења-Скопје
Име на носител на јавна функција: Дени Ѓорчевски
Датум на стапување на функција: 04.02.2011

| Месец | Наративен извештај |
|---|---|
| Декември- 2014 | Во текот на месец декември, 2014 година, директорот на Бирото за судски вештачења, Дени Ѓорчевски реализираше низа активности за остварување на стратешките приоритети согласно Стратешкиот план на Бирото за судски вештачења 2015-2017 година. Како „главен комуникатор", ја посети Р.Бугарија разгледувајќи можни локации за организирање тим билдинг на вработените. Планираниот тим билдинг е во насока да се подигнете нивото на институцијата и свеста на вработените за визијата, целите и мисијата на институцијата, како да се справат вработените со тешките ситуации и предизвиците што ги носи работното место,начините за справување со стресот, а со цел успешна комуникација по хоризонтална и по вертикална линија.<br>Директорот Дени Ѓорчевски оствари деловна средба со судии од судовите на територијата на град Скопје, во насока на градење на взаемно корисни односи со зајакнување на соработката со истите. Акцент на средбите се стави на обемот и тежината на предметите кои Бирото ги прима од судовите, во насока на зголемување на ефективноста и ефикасноста на вештачењата и намалување на крајните рокови на изработените вешти наоди кои би дале придонес во судските постапки. |
| Јануари- 2015 | Бирото за судски вештачења, како институција која изготвува вештачења по барања на судовите и јавните обвинителства во Република Македонија, правните и физички лица,како и процени за потребите на државни органи, по иницијатива на директорот Дени Ѓорчевски реализираше неколку средби со адвокати во насока на размена на мислења за работењето на Бирото, а со цел обезбедување висок квалитет на услуги и ефикасен судски систем. |
| Февруари- 2015 | Во насока на намалување на должниците согласно сметководствената евиденција на Бирото за судски вештачења, директорот Дени Ѓорчевски оствари средба со Претседателот на Основен Суд Гостивар, претставник на суд како еден од најголемите должници на Бирото. На средбата се презентирани финансиски картици, а со цел изнаоѓање заедничко решение за намалување на долгот и подобрување на идната соработка со судот. |
| Март- 2015 | Во фокус на соработката со судовите, директорот Ѓорчевски прими во посета судии од Основен Суд Штип. На заедничката средба, разговараа за заеднички настапи и проекти во областа на вештачењето, а посебно внимание се посвети на независно и професионално извршување на вештачења и супер вештачења од разни области. |
| Април- 2015 | Во текот на месец април, 2015 година, Директорот на Бирото за судски вештачења, Дени Ѓорчевски присуствуваше на 13ти Европски сообраќаен конгрес во Загреб, Хрватска. На конгресот присуствуваат еминентни имиња од цела Европа,каде посебно значаен придонес има присуството на професори и научници од истата област, со кои е разменето искуство за понатамошна соработка во областа на сообраќајното вештачење.<br>Воедно, во тек на организација на Второ Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења од страна на Бирото за судски вештачења, директорот Ѓорчевски оствари средби со неколку осигурителни компании. Од средбите произлегоа договори за соработка во насока на размена на искуство со врвни експерти од областа на сообраќајно-технички вештачења, со цел поголема ефикасност и ефективност во вештачењата од оваа област. |
| Мај- 2015 | Заедно со вешто лице од економска област и советник од областа на правото, директорот Ѓорчевски замина на службен пат во Вилнус, Литванија каде присуствуваше на Конференција за процена на имот и даноци за фискална одржливост и подобрена локална власт во Европа и Централна Азија. Конференцијата беше организирана од Светска Банка, во соработка со Организацијата за Земјоделство и Храна на Обединетите нации –FAO. Целта на Светската Банка и нејзините партнери е да го зголеми и подобри разбирањето на системите и методите за проценка на имот во регионите на Источна Европа и Централна Азија, предизвиците за нивниот развој и нивното влијание на оданочувањето на имотот. На Конференцијата беа презентирани студии и практики од различни земји во однос процената на имот. Претставниците на БСВ имаа можност преку неколку работилници, организирани како дел од Конференцијата, да се стекнат со информации и знаења во однос на формирањето на база на податоци за процена на имот, пристапот на катастарот за недвижности, стандардите за масовна процена на имот и воведување на вредност врз основа на данокот на имот. Остварените контакти со експерти од различни земји и размената на искуство и информации се од големо значење за понатамошно успешно работење на БСВ во однос на изработка на квалитетни процени.<br>При тековното работење на Бирото за судски вештачења во месец мај, при ангажирањето на надворешни вешти лица согласно закон, директорот Дени Ѓорчевски разговараше со повеќе надворешни вешти лица пренесувајќи им ги приоритетите на Бирото, а со цел подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,и поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка. |